Септември, 2003

# ЕЦМП НВО Мрежа Информатор # 20

## ЕЦМП НВО Мрежа за подобрување на меѓуетничките односи во Република Македонија

Ова е информаторот на ЕЦМП НВО Мрежата за подобрување на меѓуетничките односи во Република Македонија. Оваа мрежа е резултат на заедничката иницијатива помеѓу Европскиот центар за малцински прашања (ЕЦМП), од Фленсбург, Германија и членките на Мрежата. Оваа Мрежа ќе ја зголеми соработката на НВОи-членки кон развој и унапредување на меѓуетничката толеранција, почитување на разликите и дијалогот помеѓу оние кои живеат во Република Македонија. Посебно, оваа НВО Мрежа цели да ги зајакне капацитетите на НВОи-учеснички да создаваат заеднички проекти и други иницијативи со силна меѓуетничка димензија и да ги имплементираат таквите иницијативи.

## Вести од ЕЦМП НВО Мрежата

**17 Септември**

**Посета на Г-дн Б. Мосберг, Раководител на Оделот за Западен Балкан, Сида, Стокхолом и Мс. Аника Пало, Директор на Развојна Соработка, СИДА, Канцеларија – Скопје, на ЕЦМИ Мисијата во Македонија**

Г-дн Б. Мосберг, Раководител на Оделот за Западен Балкан, Сида, Стокхолом и Мс. Аника Пало, Директор на Развојна Соработка, СИДА, Канцеларија – Скопје, ја посетија ЕЦМИ Канцеларијата во Скопје и ЕЦМИ Регионалниот НВО Ресурсен Центар Куманово.

За време на посетата на Регионалниот Центар во Куманово Г-дн Б. Мосберг се запозна со работата на членките на ЕЦМИ Мрежата.

Состанокот кој што беше одржан во ЕЦМИ Канцеларијата во Скопје имаше за цел запознавање на Г-дн Б. Мосберг со Г-дн Сунур Верма – Регионалниот Претставник на ЕЦМИ во Македонија, Тимот на ЕЦМИ Мрежата и Тимот кој работи на Проектот – Кон Регионален Менаџмент на Интеграцијата на Ромите во Република Македонија.

Г-дн Сунур Верма ја презентираше мисијата на ЕЦМИ во Македонија, Тимот на ЕЦМИ Мрежата, начинот на нејзино функционирање, структурата на членките и кратко се осврна на тековните активности на Канцеларијата во Скопје и шесте Регионални Центри. Подоцна Др. Ибн Фридман – раководител со Проектот - Кон Регионален Менаџмент на Интеграцијата на Ромите во Република Македонија кратко го презентираше проектот и работата на својот тим.

E-mail: ecmiskopje@ecmingonet.org.mk

**15 Септември**

**Посета на Г-дн Јонас Бергстром, Постар Советник, Одел за Западен Балкан, Сида, Стокхолом на ЕЦМИ Мисијата во Македонија**

Г-дн Јонас Бергстром, Постар Советник, Одел за Западен Балкан, Сида, Стокхолом ја посети ЕЦМИ Канцеларијата во Скопје со цел подетално да се запознае со ЕЦМИ Мисијата во Република Македонија.

Програм Менаџерите Елизабета Маркоска и Куштрим Хоџа го започнаа претставувањето на мисијата на ЕЦМИ Мрежата и тековните активности на шесте ЕЦМИ Регионални НВО Ресурсни Центри.

Посетата на ЕЦМИ Регионалните НВО Ресурсни Центри во Тетово и Гостивар секако му даде поцелосна слика на Г-дн Јонас Бергстром за тековните активности на

Центрите. Преку одделните состаноци со претставници на членките на ЕЦМИ Мрежата беа претставени голем дел од нивните тековните проекти.

Во склоп на посетата на Тетово Г-дн Јонас Бергстром го посети и Вавилон Центарот во Теарце кој е менаџиран од Центарот за Балканска Кооперација ЛОЈА, членка на ЕЦМИ Мрежата.

E-mail: ecmiskopje@ecmingonet.org.mk

## Активности на ЕЦМП НВО Регионалните Центри

**2 Септември**

**Консултативен состанок помеѓу членките на ЕЦМИ Регионалниот НВО Ресурсен Центар Штип и претставници на ЕЦМИ Канцеларијата во Скопје**

Програм Менаџерите на ЕЦМИ Мрежата – Елизабета Маркоска и Куштрим Хоџа, придружени од Раководителот на веб страната - Верица Грданоска и Ана Маџароси – практикант го посетија ЕЦМИ Регионалниот НВО Ресурсен Центар Штип.

На заедничкиот состанок со претставниците на членките на ЕЦМИ Мрежата и Техничкиот Асистент, Програм Менаџерите направија СВОТ анализа, како еден од најдобрите методи за евалуација на работата на Центарот. Во продолжение беа дадени и препораки за подобрување на перформансите на Центарот.

Најголем дел од последователните индивидуални состаноци со членките се одржаа во канцеларијата на ЕЦМИ Регионалниот НВО Ресурсен Центар Штип. Се разговараше за тековните проекти финансирани од ЕЦМИ како и за предлог проектите во 4-тиот Проектен Циклус.

E-mail: ecmistip@ecmingonet.org.mk

**4 Септември**

**Консултативен состанок помеѓу членките на ЕЦМИ Регионалениот НВО Ресурсен Центар Тетово и претставници на ЕЦМИ Канцеларијата во Скопје**

Програм Менаџерите на ЕЦМИ – Елизабета Маркоска и Куштрим Хоџа, придружени од Раководителот на веб страната - Верица Грданоска и Ана Маџароси – прантикант го посетија ЕЦМИ Регионалниот НВО Ресурсен Центар Тетово.

Тимот на ЕЦМИ Канцелријата во Скопје одржа индивидуални состаноци со претставници на членките на Мрежата со цел да се добие целосна слика за проектите кои се имплементираат како и за предлог проектите кои ке бидат доставени за 4-тиот Проектен Циклус.

На крајот на денот Тимот ја имаше честа да присуствува на претставата на Танцувачкиот Театар од Вавилон Центарот кој е менаџиран од Центарот за Балканска Кооперација ЛОЈА.

E-mail: ecmitetovo@ecmingonet.org.mk

**12 Септември**

**ЕЦМИ Регионална Канцеларија Куманово Работна Средба за формулирање на Стратешки План**

Во Хотелот "Центробизнис" Виница се одржа дводневна работилница со цел утврдување на стратешки план за одржливост на ЕЦМИ Регионалниот НВО Центар Куманово.

На работилницата покрај членките на Регионалниот Центар присутни беа и Регионалниот Претставник на ЕЦМИ Сунур Верма и Програм Менаџерот Куштрим Хоџа.

Покрај утврдувањето на елементите на стратешкиот план се дискутираше и за воспоставување на партнерство со локалната самоуправа и потребата од меѓусебна размена на информации.

На работилницата беше донесена одлука

Донаторската Конференција да се одржи на 16 Октомври. Во склоп на ова беа разгледани и Предлог Проектите кој ќе бидат презентирани на Донаторската Конференција.
Фасцилитатори на работилницата беа Г-ѓа Соња Арсовска – Претседател на НВО С.О.С и Г-дн Феат Камберовски – Претседател на Форумот за Ромски права "АРКА".
E-mail: ecmikumanovo@ecmingonet.org.mk



**22 Септември**
**ЕЦМИ Регионален НВО Ресурсен Центар Тетово**
**Посета од претставници на Про Кредит Банка**
По барање на Про Кредит Банка во просториите на ЕЦМИ Регионалниот НВО Ресурсен Центар Тетово се одржа средба помеѓу претставници на членките на ЕЦМИ НВО Мрежата и претставници на Про Кредит Банка.
На средбата после краткото претставување на мисијата на ЕЦМИ Мрежата во Македонија претставниците на Про Кредит Банката беа запознаени и со активностите на членките и начинот на финансирање на тие активности.
Претставниците на Про Кредит Банката ги презентираа можностите за кредитирање на проекти како и временските ограничување на ваквите финансиски средства. Со оглед на укажаната можност за дополнително или целосно финансирање на проектите преку кредитни линии членките на Мрежата покажаа интерест за подетално разгледување на начините за аплицирање за овие кредити.
E-mail: ecmitetovo@ecmingonet.org.mk

**25 Септември**
**ЕЦМИ Регионален НВО Ресурсен Центар Тетово**
**Посета на Г-ѓа Марија Тодорова – претставник на Британска Амбасада во Република Македонија**
Г-ѓа Марија Тодорова – претставник на Британската Амбасада го посети ЕЦМИ Регионалниот НВО Ресурсен Центар Тетово.
Посетата беше направена со цел подетално запознавање на Британската Амбасада со активностите на членките на ЕЦМИ Мрежата.
Подетално се разговараше за досегашните активности на ЕЦМИ Регионалниот НВО Ресурсен Центар Тетово како и за проектите кои се спроведени од неговите членки.
E-mail: ecmitetovo@ecmingonet.org.mk

**25 Септември**
**ЕЦМИ Регионален НВО Ресурсен Центар Гостивар**
**Состанок со претставници на Германскиот и Унгарскиот контингент на ЕУФОР – Конкордија**
Во канцерaријата на ЕЦМИ Регионалниот НВО Ресурсен Центар Гостивар се одржа состанок помеѓу претставници на Германскиот и Унгарскиот контингент на ЕУФОР – Конкордија, со седиште во Гостивар, предводени од Мајорот Ференц Петнехази и членките на ЕЦМИ Мрежата.
Целта на состанокот беше меѓусебно

запознавање и објаснување на мисиите на ЕЦМИ Мрежата и ЕУФОР – Конкордија во Македонија.

Мајорот Ференц Петнехази ја презентираше мисијата на ЕУФОР – Конкордија осврнувајќи се на командата ,составот на силите и организационата структура и улогата која ја има во Гостиварскиот регион.

Од друга страна членките на ЕЦМИ Мрежата се осврнаа на активностите кои ги превземаат во овој регион и улогата која ја играат во решавањето на локалните проблеми.

E-mail: ecmigostivar@ecmingonet.org.mk

**26 Септември**

**ЕЦМИ Регионален НВО Ресурсен Центар Куманово**

**Промоција на ECMI Мрежата на Кумановската локална телевизија**

Локалната телевизија – Радио Телевизија Куманово емитуваше репортажа за ЕЦМИ Мрежата во склоп на својата информативна програма.

Во репортажата беше презентирана мисијата на ЕЦМИ во Република Македонија и активностите на членките на Мрежата. Со цел посликовито прикажување на работата на ЕЦМИ Регионалниот НВО Ресурсен Центар Куманово беше прикажан и дел од редовниот консултативен состанокот на членките.

Преку емитуваната репортажа се придонесе кон промовирањето и презентирањето на ЕЦМИ Мрежата и мисијата во Република Македонија и кон поблиско запознавање на граѓаните на Куманово со организациите членките и нивните тековни активности.

E-mail: ecmikumanovo@ecmingonet.org.mk

**9 Септември**

**Центар за Ромска Заедница “Дром”**

**Програма за неформално образование “Иднина на Ромите”**

Школската година од програмата за неформално образование на Ромите “Иднина на Ромите” започна на 9 Септември и ќе трае се до 30 Јуни 2004 година. Организатор е Центарот за Ромска Заедница “Дром” во партнерство со Швајцарската Агенција за Развој.

Програмата ги опфаќа Ромите кои од различни причини не се здобиле со основното образование. Повеќето од нив се деца без родители, деца на невработени родители и лица кои примаат социална помош и тоа од трите Ромски населби: Бавчи, Средорек и Бараке. Предавањата се одржуваат во просториите на Центарот за Ромска Заедница “Дром”, а потоа Ромите ги полагаат испитите во Работничкиот Универзитет во Куманово.

Со Програмата се опфатени четри паралелки и тоа: паралелка за предшколско образование; паралелка за описменување на Ромите од 13 до 15 години;паралелка од 4-то до 8-мо одделение за младинци и паралелка за описменување на возрасни.

Со спроведувањето на програмата за неформално образование на Ромите “Иднина на Ромите” ќе им се даде шанса на голем број од нив да се здобијат со основното образование а со тоа и поактивно да се вклучат во општеството.

E-mail: drom@soros.org.mk



## Вести од членките на Мрежата

**10 Септември**

**Културна и Хуманитарна Асоцијација на Турците “Челебија”**

**Изложба – Традиционалните Костими на Етникумите од Битола**



Изложбата преку фотографии го имаше прикажано економскиот, политичкиот и мултиетничкиот живот на Битола. Свој печат на начинот на облекување секако оставиле различните етникуми: македонците, турците, евреите, власите, албанците и ромите.

Фотографиите се доказ за Европското влиание и тоа од маркизетските фустани, “чарлстон” здолништата и “клипс деколтеата”, пелцаните крагни и астраганските бунди.

Уникатноста на изложбата - Традиционалните Костими на Етникумите од Битола, придонесе за големата посетеност. Беа искажани позитивни критики како за самата идеја за промовирање на Битолската култура и историја, така и за можните последователни активности.

E-mail: celebi_bt@hotmail.com

**17 Септември**

**Ромска Организација на Жени “ДАЈА”**

**Трибини – Правата на Жената Ромка во Семејството и Општеството**

Започнувајќи од 17 септември Ромската Организација на Жени “ДАЈА” одржа седум трибини на тема - Правата на Жената Ромка во Семејството и Општеството.

Трибините беа одржани во неколку града на Република Македонија и тоа Берово, Виница, Пехчево, Делчево, Битола, Крива Паланка и Куманово.

Излагањето на Г-ѓа Атина Мургашанска – правник, ги опфати елементарните права на жената како во семејството така и во општеството. Беше потенцирано дека жената Ромка ги има истите права како и секоја друга жена но дека дискриминацијата е нај воочлива кај оваа етничка група.

Трибината придонесе кон подигањето на свеста кај жените Ромки за нивната улога во семејството и општеството и нивните елементарни права.

E-mail: daja@mt.net.mk

**18 Септември**

**НВО “Романи Асвин”**

**Дебата – “Младински општи потреби”**

Дебата на тема – “Младински општи потреби”, спроведена од НВО “Романи Асвин”, се одржа во просториите на општина Штип.

На дебатата покрај претставниците: Г-дн Серхан Демиров и Г-дн Јашарен Менсур учество зедоа и триесетина Роми кои ги изложија секојдневните проблеми со кој се соочуваат. Беа наведени проблеми како што се: низок степен на едукација, дискриминација при воспоставување на работен однос, социјална и здравствена несигурност, проблемите со малолетничките бракови, непостоењето на перспектива за

младите Роми итн.
Во склоп на Дебатата збор им беше даден и на Г-ѓа Снежана Папарева и Г-ѓа Јулиана Спасова, претставници на Асоцијација за заштита на правата на потрошувачите, огранок Штип. Тие се осврнаа на темата “Младински општи потреби”- Исхрана укажувајки на последиците од недостатокот на основните намирници, малата едуцираност на Ромите во поглед на читање на етикетите на прехрамбените производите и честите појави на труење.
E-mail: E-mail: romaniAS@freemail.com

**18 Септември**
**Младински Културен Центар – Битола**
**Трибина – Малолетничка деликвенција и законската регулатива**
Како дел од кампањата за ненасилство меѓу младите “Херои и Антихерои” беше одржана трибина на тема Малолетничка деликвенција и законската регулатива во цалата на “Завод, Музеј и Галерија” Битола. Организатор на Трибината е Младинскиот Културен Центар – Битола во соработка со Здружение на Ромите од Битола „Баирска светлина“,Граѓанско здружение за демократија, мир и толеранција „Аурора„ и Асоцијација на отворени комуникции.
На присутните им се обратија Г-ѓа Валентина Грујовска – Инспектор за малолетничка деликвенција од СВР Битола и Г-дн Лазар Нанев – Судија за малолетничка деликвенција од Основниот Суд во Кавадарци.
На Трибината беше опфатен Предлог законот за малолетничка деликвенција кој заеднички беше подготвен од Министерството за внатрешни работи и Судот и моментално е ставен во процедура во Собранието на Република Македонија. Предавачите се осврнаа и на причините кои доведуваат до појава на малолетничката деликвенција како и на методите кои можат да се користат во сузбивањето на оваа појава.
Во дискусијата која подоцна се разви беше потенцирана потребата од изработка на национална младинска програма за превенција од малолетничка деликвенција.
E-mail: mkcbt@mt.net.mk

**25 Септември**
**Форум на Албанска Жена**
**Трибина – Враќање на довербата**
Трибината - Враќање на довербата се одржа во селото Рогачево – Тетовско во организација на Форумот на Албанската Жена а во соработка со НВО “Нова страна на животот”.
Целта на Трибината беше да се истакне потребата за враќање на меѓусебната доверба помеѓу етникумите и тоа посебно во регионите кои беа опфатени со кризата. И покрај тоа што Рогачево е село во кое претежно живеат македонци интересот како и вклученоста на посетителите беше голема.
На Трибината се обратија Г-ѓа Цане Крешова – претседателка на Форумот на Албанска Жена и Г-ѓа Бранка Марковиќ – претставник на НВО “Нова страна на животот”.
E-mail: ingfo@forumi.org.mk

**26 Септември**
**Здружение за борба против малигни заболувања на дојката “Нова страна на животот”**
**Трибина – Правата и обврските на здравствените работници**
Трибината - Правата и обврските на здравствените работници, која е организирана од Здружението за борба

против малигни заболувања на дојката “Нова страна на животот” се одржа во просториите на Општина Штип. Трибината е дел од проектот "Надежта на пациентот во рацете на медицинската етика", финансиран од ФИООМ и Шведската Агенција за Развој и Соработка.
Примариус Д-р Цветанка Самарџиска Манева – предавач на трибината, зборуваше за правата и обврските на здравствените работници и нивната имплементација во пракса.
Дискусијата која се разви укажа на: непознавањето на правата на здравствените работници и на пациентите од една страна и актуелноста на оваа тема.
Успешноста на трибината и актуелноста на темата - Правата и обврцките на здравствените работници се потврди со повеќекратното емитување на снимките од Трибината на локалните телевизии.
E-mail: novastr@freemail.com.mk

## Линкови

**Рамковна Конвенција за Заштита на Националните Малцинства**
http://www.greekhelsinki.gr/bhr/english/special_issues/fcnm_guide.html

**Проект за Меѓуетнички Односи**
Проектот за Етнички Односи работи на превенција од етнички конфликти во Централна и Источна Европа, Балканот и поранешниот Советски Сојуз. Оформен е во 1991 кога започнаја конфликтите во поранешните социјалистички земји. ПЕО во себе содржи програми за интервенција и дијалог и служи како медијатор во неколку конфликти. ПЕО во себе опфаќа и програми за тренинг, едукација и истражувања на интернационално, национално и локално ниво.
http://www.per-usa.org

**Помошна Комисија за Промоција и Заштита на Човековите Права**
Помошната Комисија е е главно второстепено тело на Комисијата за Човекови Права создадена по авторизација на Економскиот и Социјален Совет. Во 1999 ова комисија го добива називот од Помошната Комисија за превенција од Дискриминација и Заштита на Малцинствата во Помошна Комисија за Промоција и Заштита на Човековите Права.
http://www.unhchr.ch

**Заедничка Иницијатива на Интернационалната Хелсиншка Федерација (ИХФ) и Европскиот Центар за Ромски Права на Состанокот за Имплементација на Човековите Димензии организирана од ОБСЕ**
http://errc.org/publications/legal/index.shtml

**Иова Универзитет – Центар за Човекови Права**
Иова Универзитетот – Центар за Човекови Права е резултат на Универзитетскиот Комеморандум по повод 50 годишнината на Декларацијата за Човекови Права – 10 Декември 1948. Неговата цел е презентација на човековите права и превземање активности за нивно почитување.
www.uichr.org

**Меѓународно Граѓанско Општество**
Меѓународно Цивилно Општество им

асистира на независните организации кои работат за демократски и граѓански општества онаму каде ги нема. Тука се обединуваат проекти од секаде кој имаат за цел зацврстување на граѓанското општество. http://www.civilsoc.org/

# Грантови

**Алианса за Волунтерски Иницијативи и Развој**

Главните програми за развој на АВИР се Источна Европа, Источна Африка и Централна Азија. Во овие региони Алиансата дава грантови, одржува тренинзи, истражува и публикува, и подржува Мрежно работење. www.allavida.org

**Глобален Фонд за Деца**

Глобалниот Фонд за Деца дава грантови на мали организации кои работат во својата заедница помагајќи им на младите луѓе да се здобијат со знаење и вештини со цел да можат да бидат продуктивни членови на глобалното општество. Нашите грантови подржуваат пред се неформално образование кое ги опфаќа потребите на децата подложени на ризик како што се уличните деца, заболени од сида, деца работници, девојчиња и други најлесно ранливи групи на деца. http://www.globalfundforchildren.org

**Глобален Фонд за Жени**

Глобалниот Фонд за Жени се стреми кон праведен и демократски свет каде жените и мажите партиципираат еднакво во сите сегменти во општеството. Нашата цел е унапредување на човековите права кој се однесуваат на жената преку доделување на грантови на женски организации кој се борат да ги заменат дискриминацијата, насилството и сиромаштијата со слобода и достоинство. www.globalfundforwomen.org

**Глобален Еколошки Фонд**

Глобалниот Еколошки Фонд доделува грантови на групи и НВО кои работат со голема целна група и произлегуваат од неа а работат на еколошки прашања во заедниците каде има повреда на цивилните и еколошките права. Грантовоите се помеѓу 500 до 5000 долари на организации со годишен буџет до 25 000 долари. www.greengrants.org

**Мориа Фонд**

Програмата на Мориа за доделување на грантови опфаќа промовурање на човековите права и демократијата, помош на хендикепираните лица да воспостават контрола над своите животи, подршка на одрржливиот развој, промоција на правата на жената, грижа за здравствената состојба како и заштита на животната средина. http://www.moriahfund.org

**Балканскиот труст за демократија**

Германскиот маршалов фонд од САД (ГМФ), Американската агенција за меѓународен развој (УСАИД) и Фондацијата Чарлс Стјуард Мот се здружија за да го формираат Балканскиот труст за демократија, посебна иницијатива за доделување грантови во вредност од 25 милиони УСД, со цел поддршка на доброто раководење во Југоисточна Европа. Балканскиот труст за демократија претставува производ на партнерство меѓу јавниот и приватниот сектор меѓу горенаведените организации. Балканскиот труст има свое седиште во Белград, а ќе доделува грантови во Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија,

Хрватска, Македонија, Романија и Србија и Црна Гора, вклучувајќи го и Косово.
[www.gmfus.org](http://www.gmfus.org)

Се надеваме дека ова дваесетто издание на информаторот на ЕЦМП НВО Мрежата ви беше од корист. ЕЦМП Проектот во Македонија е финансиран со великодушна поддршка на:

British Embassy Skopje

The Royal Norwegian Foreign Ministry

Royal Danish Ministry of Foreign Affairs

Swedish International Development Cooperation Agency

Ако имате било какви коментари или предлози за подобрување на овој информатор, ве молиме контактирајте со Верица Грданоска на: grdanoska@ecmingonet.org.mk.

Европски центар за малцински прашања
Регионална канцеларија Скопје
Ул. Мајка Тереза 13а, 1000 Скопје
Телефон: +389 (0)2 3215 637; 3215 638
Факс: +389 (0) 2 3215 639
E-mail:ecmimkd@ecmingonet.org.mk
www.ecmingonet.org.mk
www.ecmi.de

## ЕЦМП РЕГИОНАЛНИ НВО РЕСУРСНИ ЦЕНТРИ

**ЕЦМП Регионален Центар Скопје**
Адреса: Мајка Тереза 13а, Скопје
Телефон/Факс: 389 (0)2 3215 637
E-mail: ecmiskopje@ecmingonet.org.mk
Лице за контакт: Гордана Цветкоска

**ЕЦМП Регионален Центар Куманово**
Адреса: Локалитет Гарнизон 1/1-2
Телефон / Факс: 389 (0)31 425 456
E-mail: ecmikumanovo@ecmingonet.org.mk
Контакт Лице: Елена Петковска

**ЕЦМП Регионален Центар Битола**
Адреса: Јосиф Христовски 4/4, Битола
Телефон / Факс: 389 (0)47 236 874
E-mail: ecmibitola@ecmingonet.org.mk
Контакт Лице: Лидија Ангелковска

**ЕЦМП Регионален Центар Гостивар**
Адреса: 18ти Ноември 37а, Гостивар
Телефон / Факс: 389 (0)42 212 273
E-mail: ecmigostivar@ecmingonet.org.mk
Контакт лице: Небија Исмаили

**ЕЦМП Регионален Центар Штип**
Адреса: Ванчо Прке 62/3-2, Штип
Телефон / Факс: 389 (0)32 382 510
E-mail: ecmistip@ecmingonet.org.mk
Контакт лице: Татјана Николовска

**ЕЦМП Регионален Центар Тетово**
Адреса: Илинденска 97, Тетово
Телефон / Факс: 389 (0)44 339 031
E-mail: ecmitetovo@ecmingonet.org.mk
Контакт лице: Елвира Муртезани